Македонски центар за меѓународна соработка во рамки на проектот „**Патот кон отпорност и реинтеграција на ранливите семејства во заедницата**
“, објавува повик за ангажирање на советник/чка (сениор експерт/ка) за застапување.

**Вид на ангажман:** Консултантски

**Времетраење на ангажманот:** 21 октомври - 31 декември 2021 година.

**За проектот:** Проектот „Патот кон отпорност и реинтеграција на ранливите семејства во заедницата“ се спроведува од МЦМС во партнерство со НЕКСУС – Граѓански концепт, Иницијатива за европска перспектива, Плиадес и Хоризон Цивитас.

Општа цел на проектот е: иницирање холистички пристапи за одржлива реинтеграција на ранливите семејства (вклучително и оние со повратници од странски војски) во државата.

**Цел на ангажманот:**

Овозможување пристап и фацилитирана комуникација со заедниците во следните општини: Скопски регион: Чаир, Бутел, Гази Баба, Сарај, Студеничани, Арачиново; Полошки регион: Тетово; Североисточен регион: Куманово и Липково, како и други општини населени со население од мешан етнички состав.

**Експертот/ката треба да ги исполни следниве услови:**

- Завршено високо образование од областа на општествените науки, политички науки, право, меѓународни односи (магистериум или докторат ќе се смета за предност);

- Практично искуство во областите на социјална инклузија и соработка со

институции (најмалку 10 години), особено со локалните самоуправи;

- Сеопфатно знаење и разбирање на тематиката  за насилен екстремизам;
- Практично искуство во застапување со различни чинители;
- Запознаеност со политичкиот контекст во државата;
- Познавање на меѓународните правни инструменти и домашните закони во областа на човекови права, заштита од дискриминација, превенција од насилен екстремизам, реинтеграција и ресоцијализација на маргинализирани групи;
- Напредно знаење на пишан и говорен македонски, англиски и албански јазик;

**Должности и одговорности**

- Развивање на план за застапување за проектот;
- Координирање на процесот со проектниот тим, вклучувајќи предизвици и бариери кои произлегуваат за време на задачата;
- Фацилитација на пристапот и соработката со сите релевантни засегнати страни, особено со наведените општини;

**Процедура за аплицирање**

За да аплицирате, Ве молиме да ни го испратите вашето CV како и финансиска понуда (цена по експертски ден)
, на следната е-адреса, со ознака „
**Пријава за експерт/ка за застапување**
“, на:
**gst@mcms.mk**
,
**не подоцна од 19 октомври 2021 година**
.